**Клименте**

Како бисерна школка е градот светилник мој,
семе на светлината под тврдината крие тој.
Мугрите се капат во езерски сјаен блесок,
го љубат милно крајбрежниот ситен песок.

Во синилото пламти божествена светлост,
во шумот на бранот, под Самуиловата крепост.
Езерските далги како сини војници се редат
и сите приказни од Охрид со шепот ги следат.

Чекорам низ тесните сокаци со јасна мисла,
Клименте, сѐ е во боите на твојата замисла.
Шепоти тивко калдрмата со нежност милна,
тивко раскажува за тебе - приказна силна.

И ветерот раскажува за твоето дело,
за искрата што блесна во црковното ѕитче бело.
Ти го продолжи патот на учителите свети,
на ридот храм изгради - кандилото засвети.

Во твојот храм песна за посветол ден се слуша,
за божја мудрост и чиста христијанска душа.
Ја згасна жедта на 3500 ученика со сок од мудрост
иако остри мечеви ја бодеа твојата издржливост.

Мракот на незнаењето заспа во твоите раце,
неукоста мудро ја претвори во сонце.
Нов видик се роди во заспаните очи,
слово низ скршените усни почна да се точи.

Клименте, исткаен си од мисли светлозрачни,
со факел в рака ги осветли тунелите мрачни.
Подари светлина во дланка за вистински поглед,
за слепиот и изгубениот во мракот - недоглед.

Овде времето ги брише своите граници,
стрелките  се измешани на сите часовници;
сегашноста е минато, минатото е иднина,
зашто оплеменува оваа неизмерна светлина.

И денес езерото зборува за твојата вечност,
зборуваш ти, Клименте, твојата мечта од древност.
Со твојот лик низ вековите во минатото тонам,
со твоето дело за иднината моја сонам.

Се радувам и со љубов за тебе творам,
во пламенот на твојата светлина горам.
Еј, ти ѕвездо што ги осветли времињата мачни,
еј, ти сонце што ги растопи маките мрачни!

Слава ти чинам, свети Клименте!

Сара Котеска IX одделение
ООУ „Кочо Рацин“ – Охрид
Ментор: Фила Вероска-Стојковска